РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД СТРУГА
СУ-04.бр. 47/21
13.12.2021 година
Струга

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 2, член 39 и член 40 од Законот за судска служба (Сл.весник на Р.С.М. бр.43/14, 98/15, 33/15, 06/16, 198/18 и 248/18) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административна селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас (Сл.весник на Р.С.М. бр.275/20), ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА на ден 13.12.2021 година,

*О б ј а в у в а*

**ИНТЕРЕН ОГЛАС бр. 1/2021**
***За пополнување на работни места со унапредување на судски службеници во Основен суд Струга***

***Основен суд Струга има потреба од пополнување на работни места, поради што објавува Интерен оглас за унапредување на 4 (четири) судски службеници, за следните работни места:***

**1. Категорија В, ниво В1, звање: Судски советник, работно место: Судски советник, - 1 (еден) извршител-шифра СУД 0101В01002;**

Посебни услови:
-300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на Правен факултет и положен правосуден испит,
-најмалку 3 години работно искуство во струката, по дипломирањето,
-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија (англиски, француски и германски),
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**2. Категорија В, ниво В2, звање: Виш судски соработник, работно место: Виш судски соработник, - 1 (еден) извршител-шифра СУД 0101В02001;**

Посебни услови:
-300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на Правен факултет и положен правосуден испит,
-најмалку 2 години работно искуство во струката, по дипломирањето,

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија (англиски, француски и германски),

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**3. Категорија В, ниво В3, звање: Судски соработник, работно место: Судски соработник, - 1 (еден) извршител-шифра СУД 0101В03001;**

Посебни услови:

-300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на Правен факултет и положен правосуден испит,

-најмалку 1 години работно искуство во струката, по дипломирањето,

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија (англиски, француски и германски),

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**4. Категорија Г, ниво Г1, звање: Самостоен судски референт, работно место: Технички секретар на Претседателот на судот, - 1 (еден) извршител-шифра СУД 0101Г01001;**

Посебни услови:

-најмалку више или средно образование,

-најмалку 1 години работно искуство во струката,

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија (англиски, француски и германски),

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Паричен нето износ на збирот од делот за плата за степен на образование и делот на плата за ниво: за работно место под број 1 изнесува 29.926,00 денари, за работно место под број 2 изнесува 27.917,00 денари, за работно место под број 3 изнесува 27.018,00 денари и за работно место под број 4 изнесува 19.139,00 денари. Работни часови неделно: 40; Работно време од 07,30 до 15,30 часот; Работни денови: од понеделник до петок, времетраење на работниот однос е неопределено.

На интерниот оглас може да се јави судски службеник вработен во Основен суд Струга, кој ги исполнува посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво со Законот за судска служба и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Струга, како и условите предвидени согласно член 39 став 5 од Законот за судска служба и тоа:

-да е оценет со оцена „особено се истакнува" или „се истакнува" при последното оценување,

-да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,

-да поминал најмалку две години на работно место на кое е распореден,

-да не му е изречена дициплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кандидатите се должни да поднесат пријава за унапредување и докази за исполнување на посебните услови за работното место за кое се пријавуваат, како и условите определени согласно член 39 став 5 од Законот за судска служба, во оригинал или копија заверена на нотар.

Кон пријавата кандидатите можат да ги приложат во скенирана форма и следните докази:

-потврди за успешно реализирани обуки како посетител/обучувач, не постари од 5 години, и/или

-потврди за успешно реализирано менторство, како ментор/менториран.

Во пријавата, покрај доказите, задолжително треба да содржи: име и презиме на кандидатот, тековно работно место, ниво, звање и работно искуство на пријавениот кандидат, како и податоци во врска со член 39 став (5) од Законот за судска служба.

Рокот за поднесување на пријавите изнесува 5 (пет) дена од денот на објавување на интерниот оглас на веб страницата на судот.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот. Кандидатот кој внесол лажни податоци во пријавата или се утврди дека внесол лажни податоци, се дисквалификува од натамошна постапка.

Пријавата со доказите, кандидатите се должни да ја доставaт преку приемната писарница на Основен суд Струга до Комисијата за селекција за унапредување, истата може да се најде електронски на интернет страницата www.osstruga.mk или да се подигне лично во просториите на судот.

Времето и датумот на одржување на административна селекција и интервјуто ќе бидат објавени на погоренаведената интернет страница на судот.

Претседател на судот
Ифет Бајрамоски